ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 22 декември 2016

# РЕАКЦИЈА

## За насловот на порталот Телеграф објавен на 22.12.2016

*„Да му помогнеме на Мартин: Дете од Велес чека трансплантација во Италија, родителите го лекуваат на кредит„*

Фондот за здравствено осигурување на Македонија реагира на насловот на објавената сторија за донација на порталот telegraf.mk затоа што ја доведува јавноста во заблуда дека државата не го покрива лекувањето во Италија.

Од насловот и првиот дел од текстот никаде јавноста не се информира дека Фондот веќе има одобрено 150.100,00 евра за лекувањето на М.М.

Апелираме до порталот Телеграф да не ја искривува вистината и со сензационалистички наслови да ја доведува до заблуда јавноста дека постои дете кое во Италија кое чека здравстена услуга, за кое државата не ги покрила трошоците за лекување. Да повториме на М.М. му се одобрени сите трошоци поврзани со лекувањето и престојот во болница во Италија, како и превозот до Италија. Ќе Ве замолиме да го корегирате насловот за да не се доведуваат во заблуда читателите.